59058

1972 стр 16

Вест СРЕДА 17 ЈАНУАРИ 2007



УТРЕ СЕ ОТВОРА ТЕНДЕРОТ ЗА ИЗВЕДУВАЧ НА САНАЦИЈАТА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# Италија даде 400 илјади евра за МСУ



Емил Алексиев: Парите од Владата на Италија не се доволни

■ Вкупната донација од Владата на Италија е 900 илјади евра, од кои 400 илјади се користат за реновирање, пари кои одат преку меѓународна менаџмент групација која го нарача проектот од "Мегарон", а сега се бара изведувач

Утре ќе се отвори тендерот со кој ќе се одреди изведувачот на проектот "Рехабилитација на Музејот на современа уметност", за што парите ги даде владата на Италија. Парите од донацијата не влегуваат во Музејот туку ќе одат преку меѓународна менаџмент групација, која преку скопскиот "Мегарон" го порача проектот за санација на МСУ. Донацијата што ја дадоа Италијанците вкупно е 900.000 евра, од кои 400 илјади се наменети за фазата на реновирање.

Со тие пари комплетно ќе се реновираат покривот, депото, една изложбена сала, додека втората делумно.

Како што ни рече директорот Емил Алексиев, во Музејот последна инвестиција била во првите три години на 90-тите, кога покривот бил нестручно саниран, за што судскиот процес помеѓу Музејот и тогашниот изведувач сé уште е во тек.

Едната од салите ќе биде комплетно реновирана со сите потребни услови за музејска и изложбена дејност, со сите климатски услови и систем за обезбедување. Втората сала, која зафаќа над половина од изложбениот простор на МСУ, засега ќе добие само технички услови за работа.

Директорот Емил Алексиев ни рече дека, паралелно, тој е веќе во кампања за обезбедување нови пари за да може да ја доопреми големата сала, зашто тој простор е предвиден за постојаната поставка. "Овде имаме вредна збирка од над 5 илјади уметнички дела од речиси 300 македонски уметници, и над 1.500 автори од светот. Се прашувам зошто Италијанците и ЕУ ни го спасуваат нашето културно богатство, а нашата држава не помага", ни рече Алексиев. Тој вели дека МСУ само со трајната поставка ќе ја задржи музејската форма, но дека за тоа се потребни и техничко-технолошка опрема - современи проектори, плазма екрани, ѕид со монитори, неопходни Музејот да ја задржи и својата концепција, како Музеј на современата уметност да е свртен кон светот и новите движења во уметноста.

Покрај ова, Алексиев додава дека ќе треба да се среди просторот околу Музејот, да се реши неговото надворешно уредување и осветлување. Тој да се обезбеди и да се огради.

Проектот за рехабилитација на МСУ се планира да започне во април, а според роковите, треба да заврши до октомври.

(М. За.)